Република Северна Македонија

**Министерство за труд и социјална политика**

Сектор за социјална заштита

**Архивски број:10 -** 3304/2
**Датум:** 12-05-2020

**До: Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените ул. Максим Горки 20/ 1 -4, Скопје**

**Предмет: Известување**

***Почитувани,***

До Министерството за труд и социјална политика доставен е допис од ваша страна, кој се однесува на итни препораки за соработка и координација на надлежните институции за заштита на жените кои претрпеле семејно насилство во услови на криза и вонредна состојба.

Согласно мерките и активностите за превенција од ширење на болеста COVID -19 (корона вирус) донесени од Владата на Република Северна Македонија, Министерството за труд и социјална политика во координација со надлежните институции континуирано презема конкретни мерки и активности со цел жртвите да добијат соодветна помош и заштита. По однос на вашите препораки известуваме следното:

- Министерството за труд и социјална политика, заедно со партнерските организации, спроведува кампања за пријава на семејно насилство во вонредна состојба COVID-19. Во рамки на кампањата, подготвени се информативни флаери и информативно видео кои ги содржат основните информации за пријава на семејно насилство односно каде жртвата да се обрати за помош, постоечките сервиси и истите ќе бидат дистрибуирани на места кои се најмногу посетувани во периодов, како во урбаните така и во руралните средини на територијата на Република Северна Македонија.

- По однос на посебен државен фонд за поддршка на жените жртви на семејно насилство преку кој ќе се покриваат трошоците за згрижување и трошоците за живот на жените кои претрпеле семејно насилство известуваме дека, во

моментот има финансиски средства согласно Буџетот за 2020 година на Министерството за труд и социјална политика, во иднина доколку се јави потреба ќе се размислува и по оваа препорака.

- По однос на барањето Министерството за труд и социјална политика веднаш да достави до центрите за социјална работа јасни насоки за итно процесирање на барањата на жените кои претрпеле семејно насилство согласно нивните потреби, Министерството за труд и социјална политика веднаш без одлагање да ги информира центрите за социјална работа за потребата од промена на постоечките решенија за видување на децата, односно ограничување на видувањата на децата за периодот на вонредна состојба, со надоместување на тие видувања по престанокот на истата, ве известуваме дека донесените решенија на центрите за социјална работа со кои се регулира начинот на одржување на контактите на детето со родителот со кого не живиее се во сила и истите се применувааат секогаш кога постојат услови за реализирање на видувањата без да постои ризик за децата и на заедничка одговорност на двајцата родители. Согласно законот, секогаш кога постојат изменети околности околу утврдениот начин на регулирање на видувањата, родителите треба да се обратат во центрите за социјална работа кои ќе извршат проценка на ризикиот и на условите во конкретната ситуација и ќе определат нов начин на регулирање на видувањата со цел го заштити здравјето и интересот на детето.

- По однос на барањето Министерството за внатрешни работи да достави телеграма до сите полициски станици, известуваме дека надлежното министерство веќе има постапено по вашата препораки односно известени се сите полициски станици. Стручните лица од центрите за социјална работа и од Секторот за внатрешни работи , координирано постапуваат во случај на семејно насилство.

Република Северна Македонија

**Министерство за труд**
**и социјална политика**

Сектор за социјална заштита

- По однос на препораките за Министерство за правда известуваме дека министерство на ден 16.04.2020 година достави допис бр. 08-1443/1 до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија и Судски совет на Република Северна Македонија, по однос на вашите препораки.

- Министерството за труд и социјална политика во соработка со UN Women - Тело на ОН за родова еднаквост и зајакнување на жените и финансиска поддршка од Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) и Шведската агенција за меѓународна соработка и развој – Сида, обезбеди 1.860 пакети со храна и хигиенски продукти за оние кои се најсилно засегнати од кризата предизвикана од КОВИД-19. Поддршката е наменета за 368 еднородителски семејства корисници на гарантирана минимална помош, од кои најголемиот процент (95%) се жени; 329 регистрирани жртви на семејно насилство; како и за шелтерите и кризните центри за жртвите на родово-базирано насилство во целата земја. Дистрибуцијата ќе се изврши преку републичкиот Црвен Крст и Центрите за социјална работа за да стигне до оние на кои помошта им е најпотребна.

- Министерството за здравство ќе ги преземе сите неопходни мерки за жртвите на семејно насилство согласно член 31 од Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство.

Согласно горенаведеното известуваме дека Министерството за труд и социјална политика по однос на препораките, ја координира работата со останатите министерства и доставува одговори за истите.

***Со почит,***

**Министер,**
**Gjonul Bajraktar**